# Службен весник на Република Македонија

**Број 9** **15 јануари 2013, вторник** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 290. | **Одлука** за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта.......................... | 2 |
| 291. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола за преработка, третман и/или за складирање на отпад, формата и содржината на дозволата како и минималните технички услови за вршење на дејноста преработка, третман и/или складирање на отпад........ | 2 |
| 292. | **Правилник** за минимални барања за одвоен третман на отпадната опрема, материјалите и деловите на отпадната опрема, како и минималните технички услови за складирање и третман на отпадната опрема која треба да ги исполнува инсталацијата за третман на отпадна опрема ............................................ | 3 |
| 293. | **Исправка** на Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство........... | 4 |
| 294. | **Решение** за изменување на Решението за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија...................................................... | 4 |
| 295. | **Наредба** за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животните или производите од животинско потекло во 2013 година ........................................ | 14 |
| 296. | **Годишен план** на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2013 година .............. | 16 |
| | **Огласен дел.......................................** | **1-60** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**290.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 53/11 и 6/12), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.1.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта број 02-211/4 од 11.1.2013 година, донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, на седницата, одржана на 11.1.2013 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-321/1 | Заменик на претседателот |
| 15 јануари 2013 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**291.**

Врз основа на член 32 став (6) од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11 и 123/12 ), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕРАБОТКА, ТРЕТМАН И/ИЛИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОЗВОЛАТА КАКО И МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ПРЕРАБОТКА, ТРЕТМАН И/ИЛИ СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД

Член 1

Во Правилникот за за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола за преработка, третман и/или за складирање на отпад, формата и содржината на дозволата како и минималните техничките услови за вршење на дејноста преработка, третман и/или складирање на отпад (“Службен весник на Република Македонија“ број 23/07, 76/07, 122/08 и 126/12 ) членот 3 се менува и гласи:

“ (1) Кон барањето за добивање на дозвола, се приложува и следната документација:

- Решение за упис во трговскиот регистар;
- Изјава дека барателот ќе води посебна сметка и одвоена евиденција за секоја од дејностите што ги врши и дека ќе изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат податоци за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, финансиските трансакции на претпријатието, сметководственото работење на претпријатието, како и консолидирани финансиски извештаи доколку барателот врши две или повеќе дејности од јавен интерес;
- Потврда дека против барателот, со правосилна судска одлука не е изречена мерка за безбедност, забрана за вршење на определена дејност или забрана за вршење на професија;
- Потврда за финансиска гаранција или соодветно осигурување, кое би било доволно за покривање на трошоците за справување со отпад и трошоците за елиминирање на штетните ефекти од дозволените дејности без оглед дали настанале за време или по истекот на дозволата;
- Потврда дека локацијата на која ќе се врши дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад се наоѓа надвор од населено место, односно истата да е во зона предвидена со планската и урбанистичката документација на единиците на локалната самоуправа;
- Доказ за сопственост (имотен лист) или договор за изнајмување или договор за соработка;
- Дозвола за градба, доколку на локацијата постојат градежни објекти, или имотен лист со внесени градежни објекти;
- Записници, решенија или заклучоци за последните извршени инспекциски надзори за постоечките инсталации од страна на надлежни инспекциски органи;
- Решение за одобрување на студијата за оценка на влијание врз животната, или одобрение на елаборатот за заштита на животната средина согласно Законот за животната средина;
- Изјава за веродостојност на дадените податоци и на документацијата, потпишана од барателот или лицето овластено за застапување и претставување на барателот дадена на образец Прилог 2 и е составен дел на овој правилник;
- Потврда за уплатена административна такса и
- Полномошно заверено од овластено лице на барателот, доколку барателот го застапува и претставува друго лице или адвокат.

(1) Барањето од став (1) на овој член се поднесува во три примероци во писмена форма.

(2) Барањето од став (1) на овој член треба да биде потпишано од барателот или лицето овластено за застапување и претставување на барателот и заверено со печат на барателот.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-11737/3
28 декември 2012 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

---

**292.**

Врз основа на член 34 став (7) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12 ), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА МИНИМАЛНИ БАРАЊА ЗА ОДВОЕН ТРЕТМАН НА ОТПАДНАТА ОПРЕМА, МАТЕРИЈАЛИТЕ И ДЕЛОВИТЕ НА ОТПАДНАТА ОПРЕМА, КАКО И МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАДНАТА ОПРЕМА КОЈА ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ИНСТАЛАЦИЈАТА ЗА ТРЕТМАН НА ОТПАДНА ОПРЕМА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минимални барања за одвоен третман на отпадната опрема, материјалите и деловите на отпадната опрема, како и минималните технички услови за складирање и третман на отпадната опрема која треба да ги исполнува инсталацијата за третман на отпадна опрема.

Член 2

1. Одделно собраната отпадна опрема треба да се третира на начин при кој што следните материјали и деловите, вклучувајќи ги и супстанции и препарати содржани во истата треба да бидат отстранети и тоа:

– кондензатори кои содржат полихлорирани бифенили (PCB), на начин пропишан со прописите за управување за полихлорирани бифенили и полихлорирани терфенили (PCB/PCT);

– составни делови што содржат жива, како што се прекинувачи или ламби со повратно палење;

– батерии ;

– печатени плочки на мобилните телефони воопшто и на друга електрична и електронска опрема ако површината на печатената плочка е поголема од десет квадратни сантиметри;

– касети за тонер, течен и густ, како и за тонер во боја;

– пластика што содржи бромирани огноотпорен дел;

– азбестен отпад и делови што содржат азбест;

– катодни цевки;

– хлорофлуоројагленород (CFC), хидрохлорофлуоројагленород (HCFC) или хидрофлуоројагленород (HFC), јаглеводороди (HC);

– гасни ламби;

– екрани со течен кристал (заедно со нивните кутии, таму каде што е применливо), со површина поголема од 100 квадратни сантиметри, и сите екрани со задно осветлување со гасни ламби;

– надворешни електрични кабли;

– составни делови што содржат огноотпорни керамички влакна онака како што се дефинирани со прописте од областа на хемиски производи, со кои се уредува класификацијата, пакувањето и ставањето етикети на опасни супстанции;

– составни делови што содржат радиоактивни супстанции, со исклучок на делови кои што се под прагот на иземање во согласност со прописите за заштита од јонизирачко зрачење;

– електролитски кондензатори што содржат штетни и опасни супстанции кои треба да се земат во предвид (со димензии висина > 25 mm, дијаметар > 25 mm или сразмерно сличен обем).

Материјали, деловите, вклучувајќи ги супстанции и препарати содржани во отпадната опрема од став 1 на овој член, со исклучок на алинеа 14, треба да се преработаат и/или отстранат во согласност со Законот за управување со отпад и прописите за постапување со отпад.

2. При понатамошен третман на одделно собраната отпадна опрема треба да се обезбеди следното :

– од катодни цевки треба да се отстрани флуоресцентниот слој;

– од опрема која содржи гасови што ја осиромашуваат озононската обвивка или што имаат потенцијал за глобално затоплување (ПГЗ = GWP - global warming potential) над 15, како што се гасови што се содржат во пените и во системи за ладење гасовите треба соодветно и правилно да се извадат и обработат согласно прописите со кои се уредува начинот на постапување со супстанции што ја оштетуваат озонската обвивка и

– од гасни ламби треба се отстрани живата.

3. Заради заштита на животната средина и предноста на повторна употреба и рециклирање на отпадната опрема, постапувањето со отпадната опрема утврдено

во точките 1 и 2 на овој член се врши на начин кој не ја попречува повторната употреба на отпадната опрема безбедна за животната средина и рециклирањето на деловите или на целите уреди.

Член 3

Минималните технички услови за складирање и третман на отпадната опрема која треба да ги исполнува инсталацијата за третман на отпадна опрема се следните:

1. Местата за складирање (вклучувајќи го и привременото складирање) на отпадната опрема пред нејзин третман треба да бидат со :

– непропустливи површини за простор со посебна опрема за собирање на ненамерно излеани течности и, таму каде што е соодветно, садови за одвојување на течностите и средства за чистење и отстранување мрсни наслојки и

– покриви отпорни на временски влијанија за соодветните површини.

2. Места за третман на отпадната опрема треба да имаат:

– ваги за мерење на тежината на третираниот отпад;

– непропустливи површини и покриви отпорни на временски влијанија за простор со посебна опрема за собирање на ненамерно излеани течности и, таму каде што е соодветно, садови за одвојување на течностите и средства за чистење и отстранување мрсни наслојки;

– соодветни складишта за расклопените резервни делови;

– соодветни садови за складирање на батерии, кондензатори кои содржат PCB/PCT и друг опасен отпад како на пример радиоактивен отпад;

– опрема за прочистување на отпадни води во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на животната средина.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-10235/3
28 декември 2012 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

---

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**293.**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во преамбулата на Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр.173/12), направена е техничка грешка поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА УПАТСТВОТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО**

Во преамбулата на Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр.173/12) зборовите: „гувернерот на Народната банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „и Одлуката бр.169 од 9 јануари 2012 година, вицегувернерот на Народната банка на Република Македонија".

У. бр. 1181
14 јануари 2012 година
Скопје

Од Народната банка
на Република Македонија

---

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**294**

Врз основа на член 20 став (1) алинеја 13, а во врска со член 38 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11 и 1/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗГОЛЕМЕНО НИВО НА ОФИЦИЈАЛНИ КОНТРОЛИ НА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ И ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ПРИ УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Решението за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.93/11, 129/11, 181/11, 65/12, 95/12 и 135/12) Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1, кој е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 16-5572/3
10 јануари 2013 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

Прилог 1

Храна за животни и храна за исхрана на луѓе од неживотинско потекло која подлежи на зголемено ниво на официјални контроли на определени места на влез во Република Македонија

| Храна за животни и храна за исхрана на луѓе од неживотинско потекло (предвидена употреба) | CN код[1] | Тарик под-поделба | Земја на потекло | Опасност | Фрекфенција на физички проверки и проверки на идентитет изразени во проценти (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Сушено грозје (вино од овошје) (Храна ) | 0806 20 | | Авганистан(AF) | Ахратоксин А | 50 |
| Лешници (со лушпа или излупени) (Храна за исхрана на животни и храна) | 0802 21 00; 0802 22 00 | | Азербејџан (AZ) | Афлатоксини | 10 |
| Лубеница (Храна) | 0807 11 00 | | Бразил (BR) | Салмонела | 10 |
| Кикирики со лушпа Кикирики излупени Путер од кикирики Кикирики на друг начин приготвени или чувани на друг начин (Храна за исхрана на животни и храна) | 1202 41 00 1202 42 00 2008 11 10 2008 11 91; 2008 11 96; 2008 11 98 | | Бразил (BR) | Афлатоксини | 10 |
| Јагоди (замрзнати) (Храна) | 0811 10 | | Кина (CN) | Норовирус и хепатитис А | 5 |
| Brassica oleracea (други јадливи делови од Brassica, "Кинеска брокула") (13) | ex 0704 90 90 | 40 | Кина (CN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (14) | 10 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сушени тестенини<br><br>(храна) | ex 1902 11 00;<br>ex 1902 19 10;<br>ex 1902 19 90;<br>ex 1902 20 10;<br>ex 1902 20 30;<br>ex 1902 20 91;<br>ex 1902 20 99;<br>ex 1902 30 10;<br>ex 1902 30 10 | 10<br>10<br>10<br>10<br>10<br>10<br>10<br>10<br>91 | Кина (CN) | Алуминиум | 10 |
| Свеж цитрон (храна – свежа) | ex 0805 40 00 | 31; 39 | Кина (CN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (11) | 20 |
| Чај, ароматизиран или неароматизиран (храна свежа) | 0902 | | Кина (CN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (10) | 10 |
| Патлиџани<br><br>Горчлива Лубеница(*Momordica charantia)* | 0709 30 00;<br>ex 0710 80 95<br><br>ex 0709 99 90;<br>ex 0710 80 95 | <br>72<br><br>70<br>70 | Доминиканска Република (DO) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC- | 10 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (храна – свеж, разладен или смрзнат зеленчук) | | | | MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (3) | |
| Вид грав (кинески долг грав, *Vigna unguiculata* spp. *Sesquipedalis*)<br><br>Пиперки (слатки и други) (*Capsicum* spp.)<br><br>(храна – свеж, разладен или смрзнат зеленчук) | ex 0708 20 00;<br>ex 0710 22 00<br><br>0709 60 10;<br>ex 0709 60 99;<br>0710 80 51;<br>ex 0710 80 59 | 10<br>10<br><br>20<br><br>20 | Доминиканска Република (DO) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (3) | 20 |
| Портокали (свежи или сушени)<br><br>Калинки<br><br>Јагоди<br><br>(храна – свежо овошје и зеленчук) | 0805 10 20;<br>0805 10 80<br><br>ex 0810 90 75<br><br>0810 10 00 | <br><br><br>30 | Египет (EG) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (7) | 10 |
| Пиперки (слатки и други) (*Capsicum* spp.)<br>(храна – свежа, разладен или смрзнат зеленчук) | 0709 60 10;<br>ex 0709 60 99;<br>0710 80 51;<br>ex 0710 80 59 | <br>20<br><br>20 | Египет (EG) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (12) | 10 |
| Кикирики со лушпа<br><br>Кикирики излупени<br><br>Путер од кикирики<br><br>(Храна за исхрана на | 1202 41 00<br><br>1202 42 00<br><br>2008 11 10 | | Гана (GH) | Афлатоксини | 50 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| животни и храна) | | | | | |
| Листови кари (*Bergera/Murraya koenigii*) (свежи билки) | ex 1211 90 86 | 10 | Индија (IN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи [5] | 50 |
| Чили пиперки (*Capsicum annuum*) – цели<br><br>Чили пиперки (*Capsicum annuum*) – толчени или мелени<br><br>Сушено овошје од родот *Capsicum* или од родот *Pimenta*, цело, освен слатки пиперки (*Capsicum annum*)<br><br>Кари (чили производи)<br><br>Морско оревче (*Myristica fragrans*)<br><br>Мускатно оревче (*Myristica fragrans*)<br><br>Ѓумбир (Zingiber officinale)<br><br>Куркума Curcuma longa (храна – сушени зачини) | 0904 21 10<br><br>ex 0904 22 00<br><br>0904 21 90<br><br>0910 91 05<br><br>0908 11 00; 0908 12 00<br><br>0908 21 00; 0908 22 00<br><br>0910 11 00; 0910 12 00<br><br>0910 30 00 | <br><br>10 | Индија (IN) | Афлатоксини | 10 |
| Кикирики со лушпа<br><br>Кикирики излупени | 1202 41 00<br><br>1202 42 00 | | Индија (IN) | Афлатоксини | 20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Путер од кикирики<br><br>Кикирики на друг начин приготвени или чувани на друг начин<br>(Храна за исхрана на животни и храна) | 2008 11 10<br><br>2008 11 91;<br>2008 11 96;<br>2008 11 98 | | | | |
| Бамија<br>(храна – свежа) | ex 0709 99 90 | 20 | Индија (IN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (2) | 50 |
| Морско оревче<br>(*Myristica fragrans*)<br><br>Мускатно оревче<br>(*Myristica fragrans*)<br><br>(храна – сушени зачини) | 0908 11 00;<br>0908 12 00<br><br>0908 21 00;<br>0908 22 00 | | Индонезија (ID) | Афлатоксини | 20 |
| Парчиња грашок ( во лушпа)<br>Парчиња грав (нелупен) | ex 0708 10 00<br><br>ex 0708 20 00 | 40<br><br>40 | Кенија (KE) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (16) | 10 |
| Лубеница (egusi, Citrullus lanatus) семки и деривати (храна) | ex 1207 70 00;<br>ex 1106 30 90;<br>ex 2008 99 99 | 10<br>30<br>50 | Нигерија (NG) | Афлатоксини | 50 |
| Нане<br><br>(храна – свежи растенија) | ex 1211 90 86 | 30 | Мароко (MA) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти- | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи [17] | |
| Лубеница (egusi, Citrullus lanatus) семки и деривати (храна) | ex 1207 70 00;<br>ex 1106 30 90;<br>ex 2008 99 99 | 10<br>30<br>50 | Сиера леоне (SL) | Афлатоксини | 50 |
| Пиперки ( освен слатки) ( Capsicum spp.)<br><br>(храна-свежа) | ex 0709 60 99 | 20 | Тајланд (TH) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи [9] | 10 |
| Листови коријандер<br>Босилок (светол, сладок)<br>Нане<br>(храна – свежи билки) | ex0709 99 90<br>ex1211 90 85<br><br>ex1211 90 86 | 72<br>20<br><br>30 | Тајланд (TH) | Salmonella [6] | 10 |
| Листови коријандер<br>Босилок (светол, сладок)<br>(храна – свежи билки) | ex0709 99 90<br>ex1211 90 85 | 72<br>20 | Тајланд (TH) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи [4] | 20 |
| - Вид грав (кинески долг грав, *Vigna unguiculata* spp. *Sesquipedalis*)<br>- Модри патлиџани<br><br>-Зелки | ex 0708 20 00;<br>ex 0710 22 00<br><br>0709 30 00;<br>ex 0710 80 95<br>- 0704; | 10<br>10<br><br><br>72 | Тајланд (TH) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC- | 20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (храна – свеж, разладен или смрзнат зеленчук) | ex 0710 80 95 | 76 | | MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (4) | |
| - Слатка пиперка (Capsicum annuum)<br><br>- Домати<br><br>(храна – свеж, оладен или смрзнат зеленчук) | 0709 60 10; 0710 80 51<br><br>0702 00 00; 0710 80 70 | | Турција (TR) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (8) | 10 |
| Суво грозје (винско овошје) | 0806 20 | | Узбекистан (UZ) | Охратоксин А | 50 |
| Листови коријандер<br><br>Босилок (светол, сладок)<br><br>Нане<br><br>Магдонос<br><br>(храна – свежи билки) | ex 0709 99 90<br><br>ex 1211 90 86<br><br>ex 1211 90 86<br><br>ex 0709 99 90 | 72<br><br>20<br><br>30<br><br>40 | Виетнам (VN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (15) | 20 |
| Бамија<br><br>Пиперки ( освен слатки) (Capsicum spp.) | ex 0709 99 90<br><br>ex 0709 60 99 | 20<br><br>20 | Виетнам (VN) | Резидуи од пестициди анализирани со мулти-резидуални методи врз основа на GC-MS и LC-MS или со единечни резидуални методи (15) | 20 |
| Кикирики со лушпа<br><br>Кикирики излупени<br><br>Путер од кикирики | 1202 41 00<br><br>1202 42 00<br><br>2008 11 10 | | Јужно Африканска Република (ZA) | Афлатоксини | 10 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кикирики на друг начин приготвени или на друг начин чувани (Храна за исхрана на животни и храна) | 2008 11 91; 2008 11 96; 2008 11 98 | | | | |

(1) Каде што само одредени производи под било кој CN код се бара да бидат прегледани, при што за тој код не постојат специфични подподелби во номенклатурата на стоките, CN кодот се означува со „ex.

(2) Особено резидуи на: ацефат, метамидофос, триазофос, ендосулфан, монокротофос, метомил, тиодикарб, диафентиурон, тиаметоксам, фипронил, оксамил, ацетамипирид, индоксакарб, мандипропамид.

(3) Особено резидуи на: амитраз, ацефат, алдикарб, беномил, карбендазим, хлорфенапир, хлорпирифос, CS2 (дитиокарбамати), диафентиурон, диазинон, дихлоровос, дикофол, диметоат, ендосулфан, фенамидон, имидахлоприд, малатион, метамидофос, метиокарб, метомил, монокротофос, ометоат, оксамил, профенофос, пропиконазол, тиабендазол, тиахлоприд.

(4) Особено резидуи на: ацефат, карбарил, карбендазим, карбофуран, хлорпирифос, хлорпирифос-метил, диметоат, етион, малатион, металаксил, метамидофос, метомил, монокротофос, ометоат, профенофос, протиофос, куиналфос, тридимефон, триазофос, дикротофос, ЕПН, трифорин.

(5) Особено резидуи на: триазофос, оксидеметон-метил, хлорпирифос, ацетамирид, тиаметоксам, хлотианидин, метамидофос, ацефат, пропаргит, монокротофос.

(6) Референтен метод EN ISO 6579 или метод валиден на него, како што е наведено во член 5 од Регулативата 2073/2005 на Европската Комисија.

(7) Особено резидуи на: карбендазим, куфлутрин, кипродинил, диазинон, диметоат, етион, фенитротион, фенпропратин, флудиоксонил, хексафлумурон, ламбда-цихалотрин, метиокарб, метомил, ометоат, оксамил, фентоат, тиофанат-метил.

(8) Особено резидуи на: метомил, оксамил, карбендазим, клотентезин, диафентиорон, диметоат, форметанат, малатион, прокумидон, тетрадифон, тиофанат-метил.

(9) Особено резидуи на: карбофуран, метомил, ометоат, диметоат, триазофос, малатион, профенофоз, протиофос, етионон, карбендазим, трифорин, проксимидон, форметанате.

(10) Особено резидуи на: бупрофезин, имидахлоприд, фенвалерате и есфенвалерате ( сума од RS и SR изомери); профенофос, трифлуалин, триазофос, триадимефон и триадименол ( сума од триадимефон и триадименол), куперметрин (куперметрин вклучувајќи други микстури на конституирачки изомери ( сума на изомери)).

(11) Особено резидуи на: триазофос, триадимефон и триадименол ( сума на триадимефон и триадименол), паратион-метил, фентоат, метидатион.

(12) Особено резидуи на: карбофуран (сума), хлорпирифос, куперметрин (сума), купроконазол, дикофол (сума), дифеноконазол, динотефуран, етион, флусилазол, фолпет, прохлораз, профенофос, пропиконазол, тиофанате-метил и трифорин.

(13) Видови на Brassica oleracea L. convar. Botrytis (L) Alef var. Italica Plenck, сорта alboglabra. Исто така познати како “ Kai Lan”, “Gail Lan” “Gailan”, “Kailan” , “Chinese bare Jielan”.

(14) Особено резидуи на: хлорфенапрут, фипронил, карбендазим, ацетамиприд, диметоморп и пропиконазил.
(15) Особено резидуи на: карбофуран, карбендазим (sum) хлорпирифос, профенофос, пермитрин, хексанозол, дифеноконазол, пропиконазол, фипронил, пропаргет, флусилазол, пентоат, киперметрин, метомил, киналпос, пенцикурон, метидатион, диметоат (sum), фенбуконазол.
(16) Особено резидуи на: диметоат (sum), хлорпирифос, ацефат, метамидофос, метомил, диафентиурон, индоксакарб,
(17) Особено резидуи на: хлорпирифос, киперметрин, диметоат (sum), ендосулфан (sum), хексанозол, паратион – метил (sum), метомил, флитриафол, карбендазим (sum), флубендиамид, миклобутанил, малатонион(sum).

**295.**

Врз основа на член 57 став (1) алинеја 2 од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

## НАРЕДБА
## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВЕТЕРИНАРНИТЕ МЕРКИ И КОНТРОЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО ОД КОНТАМИНЕНТИ ИЛИ РЕЗИДУИ КОИ СЕ ПРЕНЕСУВААТ ОД ЖИВОТНИТЕ ИЛИ ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ВО 2013 ГОДИНА

Член 1
**Општа одредба**

Со оваа наредба се определуваат ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животните или производите од животинско потекло кои треба да се извршат во 2013 година.

Член 2
**Мониторинг на резидуи и недозволени супстанции**

(1) Мониторингот над одгледувањето на животните и примарното производство на храна од животинско потекло се врши заради откривање на присуство на резиуди и недозволени супстанции кај живи животни, нивните производи и суровини, и храната за животни, за цел заштита на здравјето на луѓето и обезбедување на услови за несметан промет со производи од животинско потекло.

(2) Мониторингот се спроведува на: фарми, кланици, млекарници, други објекти за одгледување и преработка на производи и храна од животинско потекло и други оператори со храна од животинско потекло.

(3) Мониторингот на резидуи и недозволени супстанции се спроведува согласно Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуството на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции и согласно Националната мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло за 2013 година.

(4) Средствата за надоместување на трошоците за земањето примероци и лабораториските испитувања се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2013 година.

(5) Освен мониторингот на резидуи и недозволени супстанции од став (3) на овој член, операторите со храна треба да обезбедат контролата на резидуи врз основа на сопствена анализа на ризик, специфичен за одредени вид/категорија објект, потеклото на суровината, и производниот процес.

Член 3
**Мониторинг на зоонози и причинители на зоонози**

(1) Мониторингот на зоонози и причинители на зоонози се врши заради идентификување и карактеризирање на опасностите, процена на изложеноста и утврдување на ризикот поврзан со зоонози и причинители на зоонози, со цел заштита на здравјето на луѓето и обезбедување на услови за несметан промет со производи од животинско потекло.

(2) Мониторингот на зоонози и причинители на зоонози се врши во сите фази на ланецот на производство на храна, а особено на ниво на примарно производство, вклучително и производство на храна за животни.

(3) Средствата за надоместување на трошоците за земањето примероци и лабораториските испитувања се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2013 година.

(4) Освен мониторингот на зоонози и причинители на зоонози кои се спроведуваат согласно оваа наредба, операторите со храна треба да обезбедат контрола на зоонзите и причинители на зоонози и врз основа на сопствена анализа на ризик, специфичен за одредени вид/категорија објект, потеклото на суровината, и производниот процес.

(5) Во операторите кои произведуваат храна за животни треба да се земаат и доставуваат на бактериолошка анализа во лабораторија примероци на сите суровини од животинско потекло кои се користат за производство на храна за животни, пред приготвувањето на храна за животни, а еднаш месечно и репрезентативен примерок од сите готови крмни смески.

(6) Заради утврдување на сите салмонели, потребно е во резултатите на наодот да се наведат сите серотипови утврдени со лабораториското испитување.

Член 4
**Мониторинг на квалтитетот на храната од животинско потекло**

(1) Мониторингот на квалитетот на храната од животинско потекло се врши заради утврдување на степенот на исполнување на барањата за квалитет на храната од животинско потекло од страна на операторите со храна од животинско потекло.

(2) Мониторингот се врши во сите фази на ланецот на производство и промет на храната.

(3) Средствата за надоместување на трошоците за земањето примероци и лабораториските испитувања се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2013 година.

Член 5
**Мониторинг на безбедност, хигиенска исправност и квалитет на храната за животни и други производи за исхрана на животните**

(1) Мониторингот на безбедност, хигиенска исправност и квалитет на храната за животни се врши заради утврдување на степенот на исполнување на барањата за безбедност, хигиенска исправност и квалитет на храната за животни и другите производи за исхраната на животните.

(2) Мониторингот на безбедност, хигиенска исправност и квалитет на храната за животни се врши во сите фази на ланецот на производство и промет на храната за животни.

(3) Средствата за надоместување на трошоците за земањето примероци и лабораториските испитувања се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2013 година.

(4) Освен мониторингот на безбедноста, хигиенската исправност и квалитетот на храна за животни и други производи за исхрана на животните од став (1) на овој член, операторите со храна за животните треба да обезбедат контролата и мониторинг на безбедноста, хигиенската исправност и квалитет на храната за животни врз основа на сопствена анализа на ризик, специфичен за одредени вид/категорија објект, потеклото на суровината, и производниот процес.

(5) Во операторите кои произведуваат храна за животни треба да се земаат и доставуваат на лабораториска анализа примероци на сите суровини кои се користат за производство на храна за животни, пред приготувувањето на храна за животни, а еднаш месечно и репрезентативен примерок од сите готови крмни смески на утврдување на исполнување на барањата за безбедност од аспект на микробиолошки критериуми и присуство на контаминенти и непожелни супстанции врз основа на сопствена анализа на ризик, специфичен за одредени вид/категорија објект, потеклото на суровината, и производниот процес.

Член 6
**Контрола на микробиолошки критериумите за сурово млеко**

Сите оператори со храна (примарни производители на млеко и објеки за преработка на млеко) кои ставаат во промет млеко за исхрана на луѓето, треба да обезбедат испитување на сурово млеко во согласност со критериумите за соматски клетки и број на микроорганизми на ниво на одгледувалиште најмалку два пати месечно согласно Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи.

Член 7
**Контрола на операторите со храна кои произведуваат млеко**

Агенцијата за храна и ветеринарство два пати годишно во секое одгледувалиште за производство на млеко зема примероци на млеко за утврдување на исполнување на условите за производство на сурово млеко согласно Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи во однос на:
- вкупниот број на микроорганизми;
- бројот на соматски клетки;
- хемиски состав и
- присуство на антибиотици, резидуи и недозволени супстанции.

Член 8
**Микробиолошки критериуми**

(1) Операторите со храна од животинско потекло треба да воспостават соодветни програми за испитувањата во однос на усогласеноста со микробиолошките критериуми утврдени во Правилникот за посебните барања за безбедност на храната по однос на микробиолошките критериуми, во испитувања според вредности за определените криериуми преку земање на примероци, спроведување на анализи и имплементирање на корективни активности.

(2) Кога резултатите од извршените испитувања се незадоволителни, операторите со храна треба да презема мерки согласно Правилникот за посебните барања за безбедност на храната во однос на микробиолошките критериуми, и други активности неопходни за заштита на здравјето на потрошувачите.

(3) Агенцијата за храна и ветеринарство преку официјалните ветеринари зема примероци за утврдување на исполнување на микробиолошките критериуми и верификување на критериумите за безбедноста на храната и критериумите за хигиената на процесот согласно Правилникот за посебните барања за безбедност на храната по однос на микробиолошките критериуми основа на анализа на ризик или при сомнеж дека храната не е безбедна.

(4) Средствата за надоместување на трошоците за земањето примероци и лабораториското испитување од став (3) на овој член се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2013 година.

Член 9
**Контрола на штетници**

Заради заштита на здравјето на луѓето, заштита на животната средина и здравствена заштита на животните, операторите со храна од животинско потекло треба да воспостават соодветни програми за контрола на штетници, согласно технолошките карактеристики на процесот на призводство на операторот. Дератизацијата треба да се спроведе од операторот со храна односно

правни лица кои се одобрени за вршење на таа дејност согласно прописите од областа на здравството и ветеринарното здравство.

Член 10

**Мониторинг на резидуи и недозволени супстанции, мониторинг на хигиенската исправност и квалитит на храната од животинско потекло и храната за животни и микробиолошки критериуми при увоз на производи од животинско потекло и храната за животни**

(1) Агенцијата за храна и ветеринарство преку официјалните ветеринари и официјалните ветеринари на граничен премин зема примероци од производи од животинско потекло и храната од животинско потекло кои се увезуваат во Република Македонија со цел вршење мониторинг заради откривање на присуство на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, нивните производи и суровини со цел заштита на здравјето на луѓето и обезбедување на услови за несметан промет со производи од животинско потекло.

(2) Агенцијата за храна и ветеринарство преку официјалните ветеринари и официјалните ветеринари на граничен премин зема примероци на храна од животинско потекло и храната за животни кои се увезуваат во Република Македонија со цел вршење мониторинг на хигиенската исправност и квалитет на храната од животинско потекло и храната за животни заради утврдување на степенот на исполнување на барањата за хигиенска исправност и квалитет на храната од животинско потекло и храната за животни.

(3) Агенцијата за храна и ветеринарство преку официјалните ветеринари и официјалните ветеринари на граничен премин зема примероци на храната од животинско потекло и храната за животни која се увезува во Република Македонија заради утврдување на исполнувањето на условите на микробиолошките критериуми и верификување на критериумите за безбедноста на храната и критериумите за хигиената на процесот согласно Правилникот за посебните барања за безбедност на храната по однос на микробиолошките критериуми и прописите за безбедност на храна за животни.

(4) Испитувањата се на товар на Агенцијата за храна и ветеринарство, а средствата за надоместување на трошоците се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2013 година.

(5) Средствата за надоместување на трошоците за земањето примероци при задолжителното лабораториско испитување на следните десет пратки со производи од животинско потекло и храната за животни во случај кога производите од животинско потекло и храната за животни не ги исполнуваат условите утврдени со прописите од областа на ветеринарното здравство и безбедност на храната, се на товар на увозникот на производите.

(6) Во случај на добиен позитивен наод од лабораториските испитувања на производи од животинско потекло и храна за животни кога земањето примероци од ставовите (1), (2) и (3) од овој член се спроведени при постоење на сомнеж, трошоците за земањето примероци се на товар на увозникот на производите.

(7) Спроведувањето на мерките од ставовите (1), (2), (3), (5) и (6) од овој член се врши согласно одредбите од Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружува пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло.

Член 11

**Влегување во сила**

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-150/1
11 јануари 2013 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

---

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**296.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), и член 11, 12 и 13 од Правилникот за подготвување, донесување и изменување на годишниот план на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 138/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 27 декември 2012 година донесе

## ГОДИШЕН ПЛАН НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2013 ГОДИНА

Член 1

Се утврдува Годишниот план на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2013 година.

Член 2

Годишниот план на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2013 година се утврдува на следните износи:

| р. бр. | Здравствена установа | Приходи од Фондот за здравствено осигурување | Сопствени приходи | Приходи од донации | Вкупни приходи | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (3+4+5) | 7 |
| 1 | Стоматолошки клинички центар | 120.000.000 | 54.720.000 | 0 | 174.720.000 | 174.720.000 |
| 2 | Клиника за максилофацијална хирургија | 25.100.000 | 5.454.900 | 0 | 30.554.900 | 30.554.900 |
| 3 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија | 102.000.000 | 42.111.600 | 300.000 | 144.411.600 | 144.411.600 |
| 4 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | 650.000.000 | 42.000.000 | 6.000.000 | 698.000.000 | 698.000.000 |
| 5 | ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија | 298.000.000 | 41.800.000 | 0 | 339.800.000 | 339.800.000 |
| 6 | ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија | 20.000.000 | 93.107.832 | 0 | 113.107.832 | 113.107.832 |
| 7 | ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 201.000.000 | 9.000.000 | 0 | 210.000.000 | 210.000.000 |
| 8 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија | 77.000.000 | 8.968.000 | 0 | 85.968.000 | 85.968.000 |
| 9 | ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија | 61.000.000 | 8.264.000 | 0 | 69.264.000 | 69.264.000 |
| 10 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања | 52.000.000 | 6.000.000 | 1.000.000 | 59.000.000 | 59.000.000 |
| 11 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија | 72.000.000 | 5.000.000 | 0 | 77.000.000 | 77.000.000 |
| 12 | ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија | 330.000.000 | 15.440.580 | 615.000 | 346.055.580 | 346.055.580 |
| 13 | ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија | 45.000.000 | 4.685.000 | 0 | 49.685.000 | 49.685.000 |
| 14 | ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести | 307.000.000 | 15.400.000 | 1.500.000 | 323.900.000 | 323.900.000 |
| 15 | ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 151.800.000 | 17.900.000 | 6.952.234 | 176.652.234 | 176.652.234 |
| 16 | ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија | 35.000.000 | 6.425.000 | 0 | 41.425.000 | 41.425.000 |
| 17 | ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 200.000.000 | 23.843.318 | 0 | 223.843.318 | 223.843.318 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија | 85.950.000 | 4.500.000 | 488.000 | 90.938.000 | 90.938.000 |
| 19 | ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија | 102.000.000 | 9.000.000 | 140.000 | 111.140.000 | 111.140.000 |
| 20 | ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија | 147.000.000 | 17.000.000 | 0 | 164.000.000 | 164.000.000 |
| 21 | ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија | 99.000.000 | 7.020.000 | 0 | 106.020.000 | 106.020.000 |
| 22 | ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија | 59.800.000 | 8.525.174 | 1.000.000 | 69.325.174 | 69.325.174 |
| 23 | ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија | 66.000.000 | 5.221.752 | 0 | 71.221.752 | 71.221.752 |
| 24 | ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло | 64.000.000 | 12.000.000 | 0 | 76.000.000 | 76.000.000 |
| 25 | ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести | 49.000.000 | 15.000.000 | 0 | 64.000.000 | 64.000.000 |
| 26 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | 374.000.000 | 36.382.819 | 1.500.000 | 411.882.819 | 411.882.819 |
| 27 | ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија | 45.000.000 | 8.041.420 | 1.968.000 | 55.009.420 | 55.009.420 |
| 28 | ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје | 29.500.000 | 1.270.000 | 0 | 30.770.000 | 30.770.000 |
| 29 | Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски лекување, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје | 330.000.000 | 71.838.765 | 0 | 401.838.765 | 401.838.765 |
| 30 | Клиничка болница-Битола | 549.000.000 | 65.000.000 | 0 | 614.000.000 | 614.000.000 |
| 31 | Општа болница-Гевгелија | 102.000.000 | 13.774.000 | 750.000 | 116.524.000 | 116.524.000 |
| 32 | Општа болница-Гостивар | 214.000.000 | 34.000.000 | 0 | 248.000.000 | 248.000.000 |
| 33 | Општа болница-Дебар | 54.000.000 | 11.700.000 | 0 | 65.700.000 | 65.700.000 |
| 34 | Општа болница-Кавадарци | 130.000.000 | 13.240.000 | 600.000 | 143.840.000 | 143.840.000 |
| 35 | Општа болница-Кичево | 79.000.000 | 12.000.000 | 0 | 91.000.000 | 91.000.000 |
| 36 | Општа болница-Кочани | 125.500.000 | 15.656.000 | 0 | 141.156.000 | 141.156.000 |
| 37 | Општа болница-Куманово | 306.000.000 | 39.241.660 | 0 | 345.241.660 | 345.241.660 |
| 38 | Општа болница-Охрид | 209.000.000 | 34.400.000 | 0 | 243.400.000 | 243.400.000 |
| 39 | Општа болница-Прилеп | 300.000.000 | 36.900.000 | 3.000.000 | 339.900.000 | 339.900.000 |
| 40 | Општа болница-Струга | 141.000.000 | 22.000.000 | 0 | 163.000.000 | 163.000.000 |
| 41 | Општа болница-Струмица | 244.000.000 | 30.800.000 | 200.000 | 275.000.000 | 275.000.000 |
| 42 | Клиничка болница-Тетово | 439.000.000 | 70.000.000 | 0 | 509.000.000 | 509.000.000 |
| 43 | Општа болница-Велес | 204.000.000 | 26.681.302 | 0 | 230.681.302 | 230.681.302 |
| 44 | Клиничка болница-Штип | 311.000.000 | 34.002.000 | 0 | 345.002.000 | 345.002.000 |
| 45 | Градска општа болница 8-ми септември | 530.000.000 | 90.000.000 | 800.000 | 620.800.000 | 620.800.000 |
| 46 | Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје | 221.500.000 | 24.000.000 | 0 | 245.500.000 | 245.500.000 |
| 47 | Специјална болница по гинекологија и акушерство-Чаир-Скопје | 106.200.000 | 8.600.000 | 0 | 114.800.000 | 114.800.000 |
| 48 | Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје | 88.000.000 | 16.000.000 | 3.500.000 | 107.500.000 | 107.500.000 |
| 49 | Психијатриска болница-Скопје | 187.700.000 | 22.930.000 | 50.000 | 210.680.000 | 210.680.000 |
| 50 | Психијатриска болница-Демир Хисар | 128.000.000 | 10.156.000 | 0 | 138.156.000 | 138.156.000 |
| 51 | Психијатриска болница-Негорци | 52.700.000 | 6.080.000 | 120.000 | 58.900.000 | 58.900.000 |
| 52 | Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес | 28.000.000 | 3.991.105 | 0 | 31.991.105 | 31.991.105 |
| 53 | Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид | 127.500.000 | 65.720.000 | 0 | 193.220.000 | 193.220.000 |
| 54 | Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 43.500.000 | 8.860.000 | 6.334.676 | 58.694.676 | 58.694.676 |
| 55 | Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје | 60.000.000 | 12.565.649 | 0 | 72.565.649 | 72.565.649 |
| 56 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола | 12.000.000 | 40.000 | 0 | 12.040.000 | 12.040.000 |
| 57 | Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид | 95.000.000 | 17.000.000 | 0 | 112.000.000 | 112.000.000 |
| 58 | Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево | 20.000.000 | 3.400.000 | 0 | 23.400.000 | 23.400.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 59 | Геронтолошки завод-Скопје | 78.000.000 | 92.488.000 | 0 | 170.488.000 | 170.488.000 |
| 60 | Завод за нефрологија-Струга | 202.500.000 | 26.000.000 | 0 | 228.500.000 | 228.500.000 |
| 61 | Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово | 21.400.000 | 1.970.000 | 0 | 23.370.000 | 23.370.000 |
| 62 | Здравствен дом-Битола | 104.000.000 | 28.750.000 | 0 | 132.750.000 | 132.750.000 |
| 63 | Здравствен дом-Гевгелија | 31.824.000 | 6.764.265 | 3.280.000 | 41.868.265 | 41.868.265 |
| 64 | Здравствен дом-Гостивар | 69.000.000 | 12.800.000 | 0 | 81.800.000 | 81.800.000 |
| 65 | Здравствен дом-Дебар | 17.700.000 | 1.850.000 | 0 | 19.550.000 | 19.550.000 |
| 66 | Здравствен дом-Кавадарци | 37.748.000 | 4.960.000 | 520.000 | 43.228.000 | 43.228.000 |
| 67 | Здравствен дом-Кичево | 33.000.000 | 5.117.333 | 0 | 38.117.333 | 38.117.333 |
| 68 | Здравствен дом-Кочани | 24.400.000 | 4.500.000 | 0 | 28.900.000 | 28.900.000 |
| 69 | Здравствен дом-Крива Паланка | 73.500.000 | 7.124.000 | 0 | 80.624.000 | 80.624.000 |
| 70 | Здравствен дом-Куманово | 76.500.000 | 19.692.080 | 0 | 96.192.080 | 96.192.080 |
| 71 | Здравствен дом-Охрид | 64.600.000 | 7.078.400 | 0 | 71.678.400 | 71.678.400 |
| 72 | Здравствен дом-Прилеп | 98.200.000 | 16.000.000 | 1.200.000 | 115.400.000 | 115.400.000 |
| 73 | Здравствен дом-Струга | 36.500.000 | 4.000.000 | 0 | 40.500.000 | 40.500.000 |
| 74 | Здравствен дом-Струмица | 52.700.000 | 7.610.594 | 40.000 | 60.350.594 | 60.350.594 |
| 75 | Здравствен дом-Тетово | 97.400.000 | 11.290.800 | 0 | 108.690.800 | 108.690.800 |
| 76 | Здравствен дом-Велес | 54.000.000 | 11.900.000 | 0 | 65.900.000 | 65.900.000 |
| 77 | Здравствен дом-Штип | 33.000.000 | 12.325.200 | 0 | 45.325.200 | 45.325.200 |
| 78 | Здравствен дом-Берово | 24.648.000 | 3.970.000 | 0 | 28.618.000 | 28.618.000 |
| 79 | Здравствен дом-Македонски Брод | 20.800.000 | 2.100.000 | 0 | 22.900.000 | 22.900.000 |
| 80 | Здравствен дом-Валандово | 30.024.000 | 3.967.000 | 0 | 33.991.000 | 33.991.000 |
| 81 | Здравствен дом-Вевчани | 28.200.000 | 3.832.000 | 0 | 32.032.000 | 32.032.000 |
| 82 | Здравствен дом-Виница | 28.000.000 | 4.840.000 | 0 | 32.840.000 | 32.840.000 |
| 83 | Здравствен дом-Делчево | 63.000.000 | 8.400.000 | 0 | 71.400.000 | 71.400.000 |
| 84 | Здравствен дом-Демир Хисар | 23.100.000 | 3.000.000 | 0 | 26.100.000 | 26.100.000 |
| 85 | Здравствен дом-Кратово | 21.700.000 | 2.363.138 | 0 | 24.063.138 | 24.063.138 |
| 86 | Здравствен дом-Крушево | 19.000.000 | 2.720.000 | 0 | 21.720.000 | 21.720.000 |
| 87 | Здравствен дом-Неготино | 45.400.000 | 8.200.000 | 0 | 53.600.000 | 53.600.000 |
| 88 | Здравствен дом-Пехчево | 19.248.000 | 2.200.000 | 0 | 21.448.000 | 21.448.000 |
| 89 | Здравствен дом-Пробиштип | 21.000.000 | 3.790.000 | 0 | 24.790.000 | 24.790.000 |
| 90 | Здравствен дом-Радовиш | 33.124.000 | 7.358.791 | 0 | 40.482.791 | 40.482.791 |
| 91 | Здравствен дом-Ресен | 40.000.000 | 7.400.000 | 0 | 47.400.000 | 47.400.000 |
| 92 | Здравствен дом-Ростуше | 14.100.000 | 2.700.000 | 0 | 16.800.000 | 16.800.000 |
| 93 | Здравствен дом-Свети Николе | 30.300.000 | 6.050.000 | 0 | 36.350.000 | 36.350.000 |
| 94 | Здравствен дом-Скопје | 585.000.000 | 121.000.000 | 0 | 706.000.000 | 706.000.000 |
| 95 | Здравствен дом-Железничар | 26.200.000 | 11.337.764 | 0 | 37.537.764 | 37.537.764 |
| 96 | Здравствена станица на Универзитетот Кирил и Методиј-Скопје | 6.500.000 | 7.225.000 | 0 | 13.725.000 | 13.725.000 |
| 97 | Здравствена станица-Железара | 117.700.000 | 12.350.000 | 0 | 130.050.000 | 130.050.000 |
| 98 | Институт за трансфузиона медицина на РМ | 345.000.000 | 176.000.000 | 700.000 | 521.700.000 | 521.700.000 |
| 99 | Институт за јавно здравје на Република Македонија | 25.000.000 | 110.600.000 | 3.000.000 | 138.600.000 | 138.600.000 |
| 100 | Центар за јавно здравје-Битола | 24.000.000 | 30.004.000 | 0 | 54.004.000 | 54.004.000 |
| 101 | Центар за јавно здравје-Велес | 19.000.000 | 27.000.000 | 0 | 46.000.000 | 46.000.000 |
| 102 | Центар за јавно здравје-Кочани | 16.800.000 | 18.599.000 | 0 | 35.399.000 | 35.399.000 |
| 103 | Центар за јавно здравје-Прилеп | 20.000.000 | 25.082.000 | 0 | 45.082.000 | 45.082.000 |
| 104 | Центар за јавно здравје-Куманово | 12.000.000 | 34.592.000 | 0 | 46.592.000 | 46.592.000 |
| 105 | Центар за јавно здравје-Скопје | 40.100.000 | 70.000.000 | 0 | 110.100.000 | 110.100.000 |
| 106 | Центар за јавно здравје-Струмица | 9.000.000 | 16.344.000 | 0 | 25.344.000 | 25.344.000 |
| 107 | Центар за јавно здравје-Тетово | 22.400.000 | 21.595.268 | 0 | 43.995.268 | 43.995.268 |
| 108 | Центар за јавно здравје-Штип | 13.400.000 | 15.600.000 | 0 | 29.000.000 | 29.000.000 |
| 109 | Центар за јавно здравје-Охрид | 11.900.000 | 18.760.000 | 0 | 30.660.000 | 30.660.000 |
| 110 | Институт за Медицина на трудот на РМ | 23.400.000 | 9.885.300 | 1.000.000 | 34.285.300 | 34.285.300 |
| 111 | Здравствена станица Липково | 5.700.000 | 1.000.000 | 0 | 6.700.000 | 6.700.000 |
| | ВКУПНО: | 12.296.466.000 | 2.426.743.809 | 46.557.910 | 14.769.767.719 | 14.769.767.719 |

Член 3

Годишниот план на приходи и расходи за финансирање на јавните здравствени установи за остварување на правата од здравственото осигурување за 2013 година влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-23823/3
27 декември 2012 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Ангел Митевски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2013009